УДК 316.74:321.74(497.1)(049.3)

## Ines Prica, Tea Škokić (ur), *Horor, porno, ennui; kulturne prakse post-socijalizma*, Biblioteka Nova etnografija, Zagreb 2011, ISBN 978-953-6020-68-3

„Промените како неизбежен период на транзицијата, што не е сосема јасно дали е акутна или хронична состојба на општествата во овој регион, речиси истовремено произведуваат сосема спротивни чувства. Страв од новото, возбуда за можностите што создаваат промени и, во крајна линија, досада, како еден вид на антиклимакс, која доаѓа од знаењето дека прифаќањето на увезените вредности и практики не мора да ни донесе чувство на исполнетост“.

Ова е извадок од зборникот на научни трудови „Хорор, порно, апатија; културните практики на постсоцијализмот“, кој е издаден од Институтот за етнологија и фолклористика во Загреб, Хрватска, а е уреден од страна на Инес Прица и Теа Шкокиќ. Зборникот претставува многу важен избор на научни трудови, а предмет на проучување е начинот на решавањето на постсоцијалистичките, транзициските (преодните) тешкотии во секојдневниот живот. Антрополошките, етнографските и културните критики отвораат простор за концептуализација на таканаречената „немирна антропологија“, која развива вознемирувачка културна, социјална, политичка и економска реалност. Овој зборник на научни трудови „Хорор, порно, апатија; културните практики на постсоцијализмот“ не нуди само обична констатација за општествениот статус – како состојба на вознемиреност, туку и тој самиот се противи на мирната улога на прибележувањето во обидот да го разбере светот во кој ние работиме, односно општествената заедница во која живееме.

Орландо Обад преку интервју со хрватските студенти истражува за перцепциите на студентите во врска со „Западот“. Обад смета дека студентите немаат „искуство“ за животот во време на комунизмот, тие не чувствуваат симболички товар од тоа време, па така со мал интерес за политиката и смислата за непрестајното двосмислено општествено кодирање на пораките, соговорниците на Обад во неговата статија „Balkan lights“ може и немаат разбирање за симболичката географија на постарата генерација, која претставува премолчен темел на договорот на политичките елити за пристапот носен како несомнена политичка цел на државата. Сепак тие сметаат дека, од една перспектива, членството во ЕУ е прашање на определување, од друга – нешто што би требало да биде еден во низата можни избори.

Професор д-р Љупчо С. Ристески во неговата статија „Хималајско а наше“ открива како тврдењето за поврзаноста на македонскиот народ и хималајскиот народ Хунзи укажува на затвореноста на македонското постсоцијалистичко општество, кое е фатено во „циркуларното“ потврдување на сопствениот идентитет.

Јасмина Хусановиќ и Дамир Арсениевиќ препознаваат „ново место“ на „босанско-херцеговскиот“ отпор што се противи на доминантното нормализирање на дискурсите.

Текстот на Билјана Жикиќ, кој е дел од оваа колекција, се занимава со анализа на списанија во Словенија, Хрватска и Србија, кои критички може да промовираат

еманципациски и демократски идеи, а во исто време објавуваат порнографски фотографии од жени, со земање на визуелниот идентитет на таблоидите. Порнографските претстави на женското тело во весниците често се оправдани како напад на патријархатот, односно квазиеманципациски, како претстава на сексапилните жени, што за времето на социјализмот не било возможно да се оствари, објаснува во статијата Жикиќ. Сета апсурдност на објективизацијата, дехуманизацијата, фрагментацијата на телото се открива само кога машкото ќе ја заземе порнографската позиција.

За последиците на необичната културна практика на поставување споменици на поп-херои во малите села во Банат, Србија, зборува во својата статија Илдико Ердеи. Последиците од поставувањето на спомениците на поп-хероите Ердеи ги смета не како производ на културните спомени, туку како антиципација на иднината на заедницата. Па така, еден од спомениците, во случајот споменикот на Роки Балбоа (Rocky Balboa) има помало влијание како еден споменик отколку како „симбол“ што има потенцијал да создаде значење во заедницата. Всушност, споменикот на Роки привлекол големо медиумско внимание, а со тоа и го поттикнал економско-социјалниот развој на заедницата. Во оваа смисла, сите статуи што биле поставени функционираат како празни симболи, кои постојано се полнат со нови актуелни содржини според моменталните потреби за амортизација на штетата и максимизирање на профитот.

Томислав Ороз, пак, ја анализира историската личност на Матија Губец, која е претставена како предмет на различни толкувања во различни идеолошки системи. Така, неговата личност во социјализмот е претставена како искрен селанец, револуционер, борец за правда, додека во 1990-тите е претставен во контекст на борбата против магнатите и тајкунизацијата на Хрватска.

Рената Јамбрешиќ Кирин прави компаративна анализа на филмските нарации за воени злосторства во два филма, српскиот „Обични луѓе“ од В. Перишиќ и хрватскиот „Црнци“ од Г. Девиќ и З. Јуриќ. Овие антивоени филмови заземаат постмодернистичка иронична дистанца кон позицијата на набљудувачот. Сузана Марјаниќ, пак, зборува за герилскиот активизам и истакнува неколку директни уметнички интервенции во реалноста.

Зборникот на научни трудови со автори како што се И. Прица, О. Обад, Љ. Ристески, Т. Шкокиќ, И. Ердеи, Т. Ороз, Б. Жикиќ и др., кои имаат значајна улога како научници и професори во државите од поранешна Југославија, претставува исклучително интересно четиво. Нивните трудови одлично се вклопени во едно компактно издание, а неговата цел е низ антрополошки, етнолошки и социолошки перспективи да го расветли следниот јазол на проблеми: епистемолошките услови на саморазмислување и самопрезентирање на постјугословенската култура во транзицијата; разбирање на постјугословенските општества во најновите општествени и хуманистички теории; статусот на „балканскиот“ дискурс во антропологијата на постсоцијализмот; културното наследство и општествената меморија од социјализмот – од реинтерпретација до носталгија; појавите и секојдневните практики, јавната и популарната култура на постсоцијализмот; мозаикот на културни идентитети во транзицијата, кои се соочуваат со предизвикот на европската интеграција и глобализацијата; декорирање на телата – желбата и ризиците во постсоцијалистичката култура и многу други антрополошки, етнолошки и социолошки проблеми.

Ѓоко Атанасов